ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 02-708/1
Датум: 09.06.2021

# Извештај
## за проверка на квалитетот на извршените ревизии/оценка на контролите на квалитет (ОКК)

1. **Вовед**

1.1. Предмет на овој извештај е извршената проверка на квалитетот на извршената ревизија на следење на препораките во Конечниот извештај на ОДР на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право", бр. 17-25/15 од 12.03.2019 година.

1.2. Проверката на ревизорското досие е планирана и извршена во периодот предвиден со Годишниот план за осигурување на квалитетот на ревизиите за 2021 година, од страна на Снежана Лулевска, самостоен ревизор и ОДР, согласно Решението број 03-223/1 од 31.01.2020 година.

1.3. Проверката е извршена во периодот од 15.03. до 23.04.2021 година.

1.4. За проверката се користени пропишаните прашалници за осигурување квалитет на извршените ревизии: Фаза планирање – Прилог 1, Фаза извршување – Прилог 2 и Фаза известување – Прилог 3, од Упатството за осигурување квалитет на ревизиите.

1.5. Поради состојбата со корона вирусот во нашата земја и мерките за заштита, не е одржан воведен состанок односно наместо состанокот, доставено е известување на e-mail на 05.03.2021 година, со прилог на писмо за најава и работна белешка, за започнување со проверката и запознавање со целите, предметот и опфатот на постапката за осигурување на квалитет на извршената ревизија на следење на препораките во Конечниот извештај на ОДР на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право", бр. 17-25/15 од 12.03.2019 година, во текот на 2020 година, на:

- Добринка Весковска – ПГДР, по овластување;
- м-р Соња Камбовска – РР, по овластување;
- Ирена Трајковска – виш ревизор (раководител на тим);
- Марина Величковска – самостоен ревизор (член на тим);
- м-р Драгиња Апостолова – виш ревизор (член на тим);
- Албана Алију – помлад ревизор (член на тим).

1.7. Проверката е извршена со увид и анализа во работните документи и работните белешки од досието за ревизија во АМС системот, како и извршен увид во приложената документација во докази во досието во АМС системот и на серверот на ДЗР на локација Y:\РУ\Водно Право. Во текот на проверката остварена е комуникација за одредени прашања со ревизорскиот тим.

1.8. За информирање со состојбите утврдени со проверката за осигурување на квалитет, изготвен е работен документ – забелешки/укажувања, по извршената проверка на досието за извршената ревизија на следење на препораките во Конечниот извештај на ОДР на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право", бр. 17-25/15 од 12.03.2019 година, кој што е доставен на e-mail до ПГДР, РР, Раководител на тим и членовите на тимот, на ден 10.05.2021 година, заради нивно разгледување, со одобрен рок за одговор, заклучно со 14.05.2021 година. Заклучно со 20.05.2021 година, не е добиен одговор на забелешките/укажувањата во работниот документ од страна на ревизорскиот тим, РР и ПГДР.

## 2. Квалитет на ревизорските постапки

Со извршената контрола констатирано е дека при спроведување на трите фази од ревизијата (планирање, извршување и известување) користени се техники и постапки кои се пропишани со методологијата на ДЗР.

### 2.1. Фаза планирање:

- Со проверката за осигурување на квалитет се констатира дека ревизијата е планирана во период од 09.03. до 30.06.2020, а истата е спроведена во период од 09.03. до 31.10.2020, со пролонгирање на рокот за 3 месеци, за што од страна на Раководителот на тимот се наведени причините кои придонеле за ваквата состојба во Забелешка, на крајот на Ревизорскиот план. При тоа, не е планиран нов рок за извршување на ревизијата од страна на Раководителот на тимот, кој што треба да биде одобрен од РР/ПГДР.

### 2.2. Фаза извршување:

- Со проверката на досието во АМС и документацијата приложена на сервер на локација Y:\РУ\Водно Право„ се констатира дека постојат документирани докази со кои се поткрепуваат заклучоците и мислењата, и постои ревизорска трага за ревизорските чекори/постапки, констатации/состојби, заклучоци, оценка на статусот на препораката и насоките за идни активности, подготвени од Ревизорскиот тим, и истата е содржана во Работните белешки на ревизорите, со одредени отстапувања кај дел од препораките, по избор на ОК, а се однесува на:

- Во дел од препораките ( 1, 9 и 10) за кои е дадена оценка на статусот дека истата е во тек, дадено е образложение/коментар од ревизијата и ефект /резултат (**во РБ и наод во КИ**), врз основа на анализа на документите, кое што упатува на непреземени конкретни и соодветни мерки и активности во периодот од 2018 – 2020, односно поголем дел од активностите за спроведување на препораките се планираат и предвидуваат за идниот период, после завршување на ревизијата, како што е наведено и во самиот Акциски план, од август 2020, одобрен во септември од МФ, кој и самиот е изработен во текот на ревизијата (на почетокот на ревизијата е презентиран Акциски план од МЖСПП, со датум 09.03.2020, со рокови кои веќе биле истечени, а не биле преземени планираните мерки и активности). Детално образложение за поодделните препораки се наведени во работниот документ – забелешки и укажувања од проверката за осигурување на квалитет.
- **Двата документи**, Акциски план и Нацрт НПАА (делот за води), од аспект на Докази, се документи во кои се предвидени/планирани мерки и активности кои што се однесуваат на нареден период, а со самото тоа истите не значат и немаат третман на вршење на активности во тек или извршени/завршени активности во периодот од 2018 – 2020, (предмет на ревизија).

## 2.3. Фаза известување:

- Во дел од **наодите во Нацрт/Конечен извештај**/следење на препораките, може да се забележи дека коментарот/образложението е дадено во поширока форма, слично како во РБ, наместо истиот да биде пократок и по концизен, и да не содржи опширни објаснувања за несоодветни преземени мерки/активности/документи.

- Во **Нацрт/Конечен извештај** за извршената ревизија, е наведено дека ревизијата е спроведена во период од 09.03. до 31.07.2020, во кој што не се вклучени двата месеци/септември и октомври 2020 година, а се однесува на фазата на известување. При тоа, завршниот состанок за презентирање на состојбите на субјектите опфатени со ревизијата, е одржан на ден 19.10.2020, Нацрт извештајот е разгледан на стручно тело на 30.10.2020, а истиот е доставен на 07.11.2020.

# 3. Контроли на квалитет

3.1. Во однос на контролите на квалитет констатирано е дека истите се воспоставени од страна на ПГДР/РР и раководителот на тимот, со укажување дека во наредниот период, за извршена ревизија на следење на препораките, согласно Прирачникот за следење на препораките, од октомври 2016, е потребно да се изработат /пополнат Прашалници за

оцена и контрола на квалитет, за секоја од фазите на ревизијата, од страна на Раководител на тим, кои ќе бидат проверени и одобрени од РР/ПГДР. При тоа, истите треба да бидат прилагодени/адаптирани на овој вид на ревизија во зависност од ревизијата која е претходно извршена (РР или РУ), а врз основа на обрасците - прашалниците за контрола на квалитет согласно Упатството за контрола на квалитет на ревизиите, од декември 2011 година.

4. **Заклучок**

4.1. Врз основа на целокупниот увид во ревизорското досие констатирано е дека истото е изготвено согласно методологијата на ДЗР, применети се пропишаните алатки, прашалници, работни белешки, и друг вид на обрасци, при што ревизорите треба да ги имаат во предвид забелешките/укажувањата истакнати во работниот документ доставен до ревизорскиот тим, на 10.05.2021 година, како и забелешките во точка 2 од овој извештај, за наредните ревизии.

5. **Останати прашања:**

5.1. Извршен е избор за вршење на **follow up ревизија** во Годишната програма за 2020 година, како посебен вид на ревизија, за која не е оставено доволно време за имплементација/постапување по препораките од страна на субјектите опфатени со ревизијата на успешност, по издавањето на конечниот извештај, при што не се земени во предвид големиот број и видот на препораките кои се дадени, опфатот на субјектите на централно и локално ниво, потребата од нивна соработка и меѓусебно усогласување, како и потребата од соработка со Владата на РСМ и Собранието на РСМ, особено во преиспитувањето/донесувањето на постојни/нови законски решенија, како и нивна примена во областа – предмет на ревизија, кои би резултирале во подобрување на состојбите. Како резултат на наведеното, Заклучокот кој што е даден и во овој извештај, е дека не се преземени мерки и активности за спроведување на активности, односно состојбите не се променети во најголем дел, како и во извештајот од претходната РУ.

**Препорака**

Во наредниот период, пред донесување на одлуката за начинот и видот на пристап за следење на преземените мерки во врска со наоди и препораки во конечен ревизорски извештај, да се земат во предвид факторите кои што влијаат на изборот на пристап за следење на препораките, согласно методологијата на ДЗР.

Скопје, 07.06.2021 година

Проверувач:
Снежана Лулевска